Факултетот за образовни науки врз основа на соработката со НВО „ЛОЈА“ од Тетово активно учествува во реализирањето на Проектот ‘‘Втемелување на Мулти-етничката младинска работа во наставната програма на Универзитетите за идните наставници".

Овој проектот се имплементира во соработка со германската организација Курве од Вустров, партнерите (Универзитети, меѓу кои е и нашиот Универзитет „Гоце Делчев од Штип, Фкултет за образовни науки) и селектираните студенти. Проектот почна да се имплементира уште од 2008 година и до денес соработката со: Универзитетот на Југоисточна Европа - Тетово, Државниот Универзитет во Тетово, Институтот за педагогија при УКИМ – Скопје, Факултетот за образовни науки при УГД – Штип, Педагошкиот факултет - Универзитет Св. Климент Охридски - Битола, се уште активно трае.

Во суштина проектот подразбира пакет на методи за сензивитизација на идните наставници и нивна обука како да се справуваат со ситуации кога еден ден ќе работат во образование. Оваа година од нашиот факултет беа опфатени 14 студенти, кои беа дел, најпрвин од теоретска обука која се спроведува од страна на соодветни професори (проф. д-р Снежана Мирасчиева, проф. д-р Даниела Коцева и проф. д-р Трајче Стојанов) кои како експерти се ангажирани во рамките на проектот спроведувајќи курс на претходно утврдени и разработени теми кои треба да им бидат од помош и основна теоретска рамка за вториот степен од овој проект, кој опфаќаше тренинг за ‘‘креативна разработка на конфликти‘‘ и го организираше ЦБС Лоја во Охрид. Тренинзите ги реализираа стручни лица со интерактивни методи и техники, каде во една работна релаксирана, но и креативна средина студентите низ игра, незабележително ги учеа животните лекции. Врз основа на теоретските сознанија и практичните искуства студентите добија поинаков поглед на светот околу нив, ги збогатија своите искуства и знаења од областа на мултикултурализмот и интеркултурализмот, позитивното градење на дијалог, соработка, ненасилство, човекови права, владеење на правото, граѓанско општество и сето тоа придружено со многу дружење и со студенти од различна етничка и религиска припадност од Република Македонија и регионот.

Преку овие активности на студентите им се даде можност да предложат, осмислат и имплементираат некој мали иницијативи во своите средини, за кои постои можност да им биде доделена и мала финансиска поддршка (материјали, реквизити...). На студентите им е обезбедена и студиска посета која се реализира еднаш годишно во соработка со универзитети од странство. Оваа година студентите ќе имаат можност да бидат дел од студиската посета на Универзитетот во Франкфурт Германија.

Основната цел на овој проект е да се гради модел пристап за мировно образование, промовирајќи комплементарни приоди од партнерските организации и институции во формалниот образовен систем, помеѓу другото - развој на курсеви, наставните програми, образовни материјали и постојана обука. Проектот го промовира градењето на мирот преку развивање на заеднички активности / практики во општеството кои помагаат во надминувањето на етноцентрична поделба во јавниот живот и придонесува за процесот на помирување и надминување на различностите, како и размена и соработка за одржлив мир во рамките на соодветната земја и на регионално ниво.